ФАРМАЦЕВТСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
ODA E FARMACISTËVE
TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - SHKUP
Бр.-Nr. 02-338/1
2-11-2026 год.-viti

Врз основа на член 46 став 2, алинеи 1, 3, 4 и 7 од Статутот на Фармацевтската комора на Република Северна Македонија и член 4 од Одлуката на претседателот на Собранието од 2.11.2026 година за распишување на изборите, Изборната комисија на седницата одржана на 2.11.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

за утврдување на роковите на изборните дејствија

Член 1

Се утврдува следниот роковник за новата изборна постапка за мандатен период 2027–2031 година:

1. објавување на одлуката за распишување, образецот на кандидационо ливче и избирачкиот список по територијални единици – 2.11.2026 година;

2. поднесување кандидациони ливчиња – од 2.11.2026 година до 16.11.2026 година, до 16:00 часот, по е-пошта на Комората, со непосредно предавање во архивата или со препорачана пошта со назнака „за Изборната комисија", согласно член 53 од Статутот;

3. увид во кандидатурите, составување и објавување на кандидациони листи – 23.11.2026 година;

4. приговор во врска со листите и кандидатурите – во рок од два дена од објавата, односно до 25.11.2026 година до 16:00 часот; решение по приговорот во рок од 24 часа, согласно член 68 од Статутот.

Член 2

Кандидатот се пријавува со пополнето кандидационо ливче на кое се наведува за кој орган се кандидира и од која територијална единица, според местото на живеалиште. За Надзорен одбор, Суд на честа, обвинител, Претседател на Собрание и Претседател на Комората кандидирањето е независно од територијалната единица, согласно член 62 од Статутот. Кон кандидационото ливче се приложуваат доказите за условите пропишани со Статутот, кога такви услови се пропишани.

Член 3

Од територијалните единици 1 до 7 се избираат по 5 членови на Собранието и по 1 член на Извршниот одбор. Од територијалната единица 8 се избираат 15 членови на Собранието и 3 членови на Извршниот одбор, согласно член 52 од Статутот.

За Надзорен одбор се избираат 3 кандидати.

За Судот на честа се избираат 3 кандидати, а за обвинител 1.

Член 4

Оваа одлука се објавува на веб-страницата на Комората и се доставува по електронски пат до членството. Стапува во сила со денот на донесувањето.

2.11.2026

Фармацевтска комора на РСМ

Изборна комисија

Славица Тодоровска – претседател